Централна кооперативна банка АД Скопје

Врз основа на член 86, став 1, точка 1 од Законот за банките и член 59, став 1, точка 1 од Статутот на Централна кооперативна банка АД Скопје, а во врска со Известувањето бр.15-13902/3 од 03.05.2017 год доставено од страна на Народна Банка на РМ, Собранието на акционери на Банката на својата редовна седница одржана на 19.05.2017 година, ја донесе следната

**ОДЛУКА**
**за измени и дополнувања на Статутот на Централна кооперативна банка АД Скопје**

1. Во статутот на Банката, во делот VII. Супервизорски стандарди, по член 36 се додава нов поддел со наслов кој глаcи:

„3.Заштитни слоеви на капиталот"

2. По член 36 се додава нов член 37 кој гласи:

„(1) Банката, во согласност со применливата законска и подзаконска регулатива, е должна да ги одржува следниве заштитни слоеви на капиталот:

1) заштитен слој за зачувување на капиталот;
2) противцикличен заштитен слој на капиталот;
3) заштитен слој на капиталот за системски значајни банки и
4) системски заштитен слој на капиталот.

Досегашниот член 37 станува член 38, член 38 станува член 39, член 39 станува член 40, членот 40 станува член 41 .

3.Член 39 став 1 од Статутот се менува и гласи:

„Изложеноста на Банката кон лице ги опфаќа вкупните билансни и вонбилансни побарувања на Банката од тоа лице, вклучувајќи ги и вложувањата во хартии од вредност издадени од тоа лице, без оглед на целите за кои се стекнати хартиите од вредност."

Досегашниот став 2 се брише.

4. Во досегашниот член 40 кој станува член 41 став 6 зборовите „во рамките од" се заменуваат со зборовите „во период од три години од стекнувањето, во".

5.Досегашниот член 41 се брише.

6. Во член 44 став 1 зборовите „не помало од 2/3 од акциите со право на глас преставени на Собрание" се заменуваат со зборовите „ гласови од вкупниот број на акции со право на глас",

7.Во член 54, став 1 алинеја 2, по зборот „финансиите" се става запирка и се додаваат зборовите „да ги познава правилата за · добро корпоративно управување".

8. Во член 54 став 3 се менува и гласи:

„(3) Член на Надзорниот одбор на Банката може во исто време да биде и:

- член на еден орган на управување и на еден орган на надзор, односно да извршува една функција на извршен и една функција на неизвршен член на одбор на директори во небанкарски финансиски институции или нефинансиски институции или
- член на три органи на надзор, односно да извршува три функции на неизвршен член на одбор на директори на небанкарски финансиски институции или нефинансиски иституции."

9. Во член 54 досегашниот став 4 се брише.

10. Во член 54 по став 3 се додаваат пет нови става 4,5,6,7 и 8, кои гласат:

„ (4)Член на Управниот одбор на Банката може во исто време да биде и член на најмногу два органи на надзор односно неизвршен член на одбор на директори во најмногу две небанкарски финансиски институции или нефинансиски институции.

(5) Член на Управниот одбор на Банката не може да биде и лице кое е управител, член на управен одбор или извршен член на одбор на директори во кое било домашно или странско трговско друштво.

(6) Ограничувањата од ставот (2) точка 8) и ставовите (3), (4) и (5) на овој член, не се однесуваат на членство во:

1) органи на непрофитни организации на волонтерска основа, без надоместок и

2) во органи на трговски друштва кои припаѓаат на иста банкарска група во Република Македонија или во странство.

(7) Во случаите кога Банката, како дел од банкарска група, спроведува политики на групата, членовите на надзорниот и/или управниот одбор треба да обезбедат тие политики да се соодветни за Банката и се во согласност со законите на Република Македонија и стандардите на Народната банка.

(8) Банката мора да обезбеди мнозинството од членовите на Надзорниот и Управниот одбор да се достапни на барање на Народната банка."

11.Член 56 се менува и гласи:

„(1) Лицата со посебни права и одговорности се должни да работат единствено во интерес на Банката и на нејзините депоненти и да постапуваат со внимание на уреден и совесен трговец.

(2) Доколку лицата со посебни права и одговорности утврдат дека одлуката на органите на Банката е спротивна на закон или на друг пропис донесен врз основа на закон или дека според својата содржина е таква што може да ја загрози ликвидноста на Банката и нејзината стабилност и сигурност, се должни за ова писмено да го известат Надзорниот одбор и Народната банка."

12.Во Член 59 став 1 точка 2 се брише.

Досегашната точка 3 станува точка 2, точка 4 станува точка 3, точка 5 станува точка 4, точката 6 станува точка 5, точката 7 станува точка 6, точката 8 станува точка 7, точката 9 станува точка 8.

13.Во член 59 став 1 во досегашната точка 8 која станува точка 7 зборовите:„и одборот за ревизија„ се бришат.

14. Во Член 59 став 1 во досегашната точка 9 која станува точка 8 по зборот „ревизија" се додаваат зборовите:„ и одлучува по предлогот раскинување на договорот со друштвото за ревизија".

15. Во член 59 став 1 досегашната точка 10 се брише.
Досегашната точка 11 станува точка 9, точката 12 станува точка 10, точката 13 станува точка 11, точката 14 станува точка 12, точката 15 станува точка 13, точката 16 станува точка 14, точката 17 станува точка 15.

16. Во член 59 став 1 досегашната точката 18 се брише.

17. Во член 59 став 1 досегашната точката 19 станува точка 16,.

18. Во член 59 став 1 досегашната точката 20 се брише.
Досегашната точка 21 станува точка 17.

19. Во член 59 став 1 досегашната точката 22 и точка 23 се бришат.
Досегашната точка 24 станува точка 18.

20.Во член 70 став 4 зборовите „ со 2/3 мнозинство од акциите со право на глас, претставени на Собранието. " се заменуваат со зборовите „со мнозинство гласови од вкупниот број на акции со право на глас."

21.Во член 77 по став 1 се додава нов став 2 кој гласи:

„ (2) Покрај лицето од членот 54 на овој статут член на Надзорниот одбор во Банката не може да биде и лице вработено во Банката. Најмалку една четвртина од членовите на Надзорниот одбор на Банката мора да бидат независни членови."

Досегашниот став 2 станува став 3.

22. Во член 77 по досегашниот став 2 кој станува став 3 се додаваат нови става 4 и 5 кои гласат:

„ (4) Членовите на Надзорниот одбор треба да имаат соодветни знаења и искуство за извршување на своите надлежности, да избегнуваат судир на интересите и да посветуваат доволно време за извршување на обврските што произлегуваат од надлежностите пропишани со закон.

(5) Членовите на Надзорниот одбор треба заедно да имаат знаења и искуство потребни за независен надзор на работењето на Банката, а особено за разбирање на активностите што ги врши Банката и на материјалните ризици на кои е изложена."

Досегашните ставови 3, 4, 5, 6, 7 стануваат ставови 6, 7, 8, 9,10.

23.Во член 77 став 7 кој станува став 10 зборот „месечно" се заменува со зборот „квартално".

24.Во член 77 по став 7 кој станува став 10 се додава нов став 11 кој гласи:

„ (11) Исто лице не може да биде независен член на Надзорниот одбор во Банката подолго од три последователни мандата."

25.Во член 88 став 3 точка 1 се менува и гласи:

„1) ја усвојува деловната политика и развојниот план на Банката;".

26.Во член 88 став 3 по точка 3 се додава нова точка 4 која гласи:
„4) именува и разрешува членови на Одборот за ревизија;"
Досегашната точка 4 станува точка 5.

27.Во член 88 став 3 точка 4 која станува точка 5 се менува и гласи:

„5) го усвојува финансискиот план на банката;"

28.Во член 88 став 3 досегашната точка 5 се брише.

29. Во член 88 став 3 во досегашната точка 7 зборовите „ и ги именува и разрешува вработените во службата" се бришат.

30.Во член 88 став 3 точка 8 се менува и гласи:
„8) ја усвојува политиката за сигурност на информативниот систем;"

31. Во член 88 став 3 точка 9 се менува и гласи:
„9) ги усвојува политиките за управување со ризици на Банката;"

32. Во член 88 по точка 10 се додаваат две нови точки 11 и 12 и гласат:

„11) усвојува политика за наградување, во согласност со деловната политика, развојниот план, финансискиот план и политиката за избегнување судир на интересите на Банката;

12) донесува и спроведува политика за начинот на избор, следење на работењето и на разрешување на Членовите на Надзорниот одбор, Одборот за управување со ризици, Одборот за ревизија и Управниот одбор;"
Досегашните точки 11,12, 13, 14 и 15 стануваат точки 13,14,15,16 и 17.

33.Во член 88 став 3 досегашната точка 16 се брише.

34.Во член 88 став 3 досегашната точка 17 која станува точка 18 се менува и гласи:
„18) одобрува изложеност спрема лице од над 20% од сопствените средства на Банката, со исклучок на изложеност врз основа на купување на хартии од вредност издадени од Народната банка и Република Македонија;"

35. Во член 88 став 3 досегашната точка 18 која станува точка 19 се менува и гласи:
„ 19) одобрува трансакции со поврзани лица со Банката во износ од над 6.000.000 денари;"
Досегашната точка 19 станува точка 20.

36. Во член 88 став 3 досегашната точка 20 која станува точка 21 се менува и гласи:
„ 21) го одобрува предлогот на Одборот за ревизија за назначување на друштво за ревизија, или предлогот за раскинување на договорот со друштвото за ревизија и е одговорен за обезбедување на соодветна ревизија."

37. Во член 88 став 3 досегашната точка 21 која станува точка 22 се менува и гласи:

„ 22) ја усвојува политиката за вршење на внатрешна ревизија;"

Досегашните точки 22, 23, 24 стануваат токи 23, 24, 25.

38. Во член 88 став 3 досегашната точка 25 се брише.

39.Во член 88 став 3 точка 26 се менува и гласи:
„26) го усвојува етичкиот кодекс на Банката

40. Во член 88 став 3 досегашната точка 27 се брише.
Досегашните точки 28, 29, 30, 31, 32, 33, 34, 35, 36 и 37 стануваат точки 27, 28, 29, 30, 31, 32, 33, 34, 35, 36.

41.Во член 88 став 3 досегашната точка 38 која станува точка 37 се менува и гласи:
„37) го усвојува кодексот за корпоративно управување со кој се уредуваат правилата за управување и за надзор на Банката."

42.Во член 88 став 3 по досегашната точка 38 која станува точка 37 се додава нова точка 38 и гласи:
„38) усвојува политика за избегнување судир на интересите со која се идентификуваат можните судири на интереси и мерките и активностите за нивно спречување."

43.Во член 93 став 4 по зборот „години", се додава запирка и зборивите:„ да имаат познавање за работењето на Банката, нејзините производи и услуги и да имаат познавање за ризиците на кои е изложена Банката."

44. Во член 95 став 1 по точка 9 се додава нова точка 10 која гласи:
„ 10) оценка на усогласеноста на цените на производите и услугите што ги нуди Банката со нивото на преземен ризик, во согласност со деловната политика и развојниот план на Банката;"

45. Во член 95 став 1, во досегашната точка 10 која станува точка 11 зборовите:„најмалку еднаш месечно го известува Надзорниот одбор, а најмалку еднаш на три месеца одборот за ревизија" се заменуваат со зборовите: „квартално го известува Надзорниот одбор."

46.Во член 95 став 1, досегашната точка 11 која станува точка 12 се менува и гласи:
„ 12) одобрува изложеност спрема лице од над 10% до 20% од сопствените средства на Банката."

47. Во член 99 став 1 зборовите „Собранието на Банката" се заменува со зборовите „Надзорниот одбор".

48. Во член 101 став 1 точка 9 се менува и гласи:
„ 9) предлага назначување на друштвото за ревизија и раскинување на склучен договор со друштво за ревизија."

49. Во член 101 по став 2 се додава нов став 3 кој гласи:
„ (3) Одборот за ревизија поднесува полугодишен и годишен извештај за својата работа до Надзорниот одбор на Банката. Во годишниот извештај е содржана оцената од ставот (2) на овој член."

50. Во член 112 став 1 точка 7 се брише.
Досегашните точки 8, 9,10,11 стануваат точки 7, 8,9, и10.

51. Во член 112 став 1 по точка 10 се додава нова точка 11 која гласи:
„11) На Надзорниот одбор на Банката му предлага донесување измени и дополнување на Кодексот за корпоративно управување на Банката.“

52. Во член 113 став 1 по точка 6 се додава нова точка 7 која гласи:
„ 7) донесување и спроведување политика за начинот на избор, следење на работењето и на разрешување на лица со посебни права и одговорности, освен за членовите на Надзорниот одбор, Одборот за управување со ризици, Одборот за ревизија и Управниот одбор;“

Досегашните точки 7,8,9 и 10 стануваат точки 8, 9,10 и 11.

53. Во член 113 по став 1 се додава нов став 2 и гласи:
„ (2) Управниот одбор го известува Надзорниот одбор за своето работење најмалку еднаш квартално.“

54. Член 115 се брише.
Броевите на досегашните членови последователно се менуваат до крајот на текстот на статутот.

55. Во досегашниот член 123 кој станува член 122 во став 3 зборовите:„собранието на банката и до“ се бришат.

56. Во досегашниот член 125 кој станува член 124 во став 7 зборот „тримесечен“ се заменува со зборот „полугодишен„.

57.Во досегашниот член 139 кој станува член 138 во став 2 зборовите „не помало од 2/3 од акциите со право на глас преставени на Собрание“ се заменуваат со зборовите „ гласови од вкупниот број на акции со право на глас“,

58. Во досегашниот член 147 кој станува член 146 во став 1 по точка 7 се додаваат три нови точки 8, 9 и 10, кои гласат:
„8) на писмено барање на Агенцијата за управување со одземен имот, во согласност со закон;
9) на писмено барање на нотар во рамките на водењето оставинска постапка, согласно со закон;
10) ако податоците се даваат на Министерството за труд и социјална политика, Агенцијата за вработување на Република Македонија и Фондот за здравствено осигурување на Македонија, за потребите на вршење на работите од нивните надлежности и во согласност со прописите за заштита на личните податоци, само доколку банка склучи меморандум за соработка со овие институции, со кој се регулира начинот на достапност на податоците.“

Досегашните точки 8, 9 и 10 стануваат точки 11, 12 и 13.

59. Во досегашниот член 148 кој станува член 147 во став 1 точка 7 се менува и гласи:
„7) влошена финансиска состојба на акционер со квалификувано учество или која било друга информација дека акционер со квалификувано учество повеќе не ги исполнува условите согласно законот за банки, доколку Банката на кој било начин дошла до таква информација;“

60. Се задолжуваат стручните служби на Банката да ја спроведат постапката за претходна согласност од Гувернерот на НБРМ за измена на Статут.

61. Собранието на акционери на Банката го овластува Надзорниот одбор на Банката да изврши промени и дополнување во оваа Одлука, по евентуалните забелешки на Народна Банка во постапката за добивање на Решение за претходна согласност за измена на Статут, кои измени ќе бидат одразени во пречистен текст на Статутот кој Надзорниот одбор на Банката ќе го изготви и потпише по добивање на претходна согласност од Гувернерот на НБРМ.

62. Се овластува Надзорниот одбор на Банката да изготви пречистен текст на Статутот на Банката.

63. Одлуката стапува во сила со денот на донесување, а ќе се применува по добивање на претходна согласност од Гувернерот на НБРМ..

**Образложение**

Потребата од измени и дополнувања на Статутот на Банката, предложени од Надзорниот одбор, а усвоени со оваа одлука, пред сѐ произлегоа од измената во законската регулатива односно согласно со измените и дополнувањата на Законот за банките ("Службен весник на РМ" бр. 190/2016) како и усогласување со Законот за трговските друштва по претходно добиено писмено известување од НБРМ бр.15-13902/3 од 03.05.2017 год.

Во статутот внесена е нова одредба која се однесува на заштитните слоеви на капиталот, согласно измените и дополнувањата на Законот за банките.

Измената и дополнувањето се однесуваат на правата и обврските на лицата со посебни права и одговорности, како и измена и дополнување во надлежноста, правата и обврските на членовите во органите на Банката.

Измена и дополнување согласно законската измена е направена и во делот на обврската за чување на банкарска тајна и должноста на Банката да ја известува Народна банка на РМ.

Имајќи го предвид напреднаведеното, се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**СО.бр.0201-17**
**19.05.2017год.**

**Претседавач,**
**Г-дин Смилен Цинцарски**

Централна кооперативна банка АД Скопје